# KNAUF STORY

*Број 6, јуни 2010*



## Тема:
## ВРЕМЕ Е ЗА ПОИНАКОВ- ПОДОБАР ЕСТРИХ

## Кнауф партнер: „НАБИЗИ" - Струга

Референтни објекти:
Хотел Принсес Краун - Гевгелија
Економично и удобно живеење - Станбен објект, Скопје

KNAUF Newsletter

www.knauf.com.mk



- За чувство на удобност под нозете
- Самонивелирачка подлога за идеално рамна површина
- За сите видови подни облоги
- Оптимален за подно греење - штеди енергија
- Брза и едноставна изведба
- Биолошки и здравствено беспрекорен
- Гарантиран и постојан квалитет

# Кнауф подни системи

## - системски решенија за секоја ситуација

**Кога е добар подот - се останато е добро.**

Искрено, што очекуваат архитектите или градежниците од нивниот под во домот?

Најчесто во преден план се кршат копјата околу тоа што да се одбере: паркетот, плочките или тетисонот. Подлогата на која ќе се надоградува подот, како неопходна основа, често се става во втор план. Таа доаѓа како тема на разговор дури тогаш кога плочките ќе почнат да се одлепуваат, кога вратата не може повеќе да се затвори или кога на спратот подолу се слуша секој чекор од горниот спрат. Затоа, со добро испланиран поден систем успешно се спречуваат ваквите подоцнежни недостатоци.

Но, не само кај новоградбите, туку и на моментално растечкиот пазар на санации, професионално усогласените подни системи стануваат се поважни. При изградбата на објектите се консултираат специјалистите за подови кои можат да изведат се, од течен естрих до готови делови од естрих. Најдобрите партнери на ваквите стручњаци се индустриските претпријатија со усовршени системи, на кои тие можат да се потпрат. Кнауф има се што е потребно за еден перфектен под.



**Или накратко: рамно, брзо, лесно, најдобро!**



**Почитувани,**

*Долго очекуваното лето конечно пристигна. Го почекавме, но веројатно сега ќе можеме да му се радуваме со уште поголем интензитет.*
*И покрај тоа што Кнауф поради природата на сувата градба е активен на терен во сите годишни времиња, сепак летото е периодот кога е врвот на нашите активности. Дел од нив, како и други вести од светот на Кнауф Ви носиме и во ова летно издание на Knauf Story.*
*Оваа година ние инвестираме 2,8 милиони евра во нашата фабрика во Дебар. Се работи за инвестиција во нов полупроизвод –* ***алфа гипс****.*
*Истиот е основна суровина за производство на керамички гипсеви, дентални гипсеви, медицински гипс како и суровина за производство на* ***самонивелирачката кошулка****.*
*Во овој број Ви пишуваме токму за овој нов производ за кој сме на мислење дека има голем потенцијал за нашиот пазар. Се работи за самонивелирачката кошулка (течен естрих) која ги прави подовите идеално рамни и оптимални за сите завршни подови, а посебно е идеална за подно греење. Освен осврт за овој наш новитет во производствената програма и неговите компаративни предности, се надевам дека ќе Ви бидат интересни и од полза и другите вести и информации што Ви ги подготвивме овој пат.*
*Ви посакуваме градежното лето што ни престои да биде успешно. Да градиме сите со здрави градежни материјали, произведени од проверени ресурси и со сертификати за квалитет, квалитет од кој никој од нас не смее да се откаже и во потешки времиња, затоа што се работи за градби, домови и канцеларии, каде ги поминуваме поголемиот дел од нашите животи.*

*Искрено Ваш,*
*Тодор Деловски,*
*Кнауф Македонија*

Тема: ВРЕМЕ Е ЗА ПОИНАКОВ-ПОДОБАР ЕСТРИХ 4

Референтни објекти: ХОТЕЛ ПРИНСЕС КРАУН 8

УДОБНО И ЕКОНОМИЧНО ЖИВЕЕЊЕ- Станбен објект, Скопје 10

Кнауф образование: ДОБАР ЗАНАЕТ, ЗЛАТО ВРЕДИ 12

Кнауф репортажа: ГИПС, ВИНО И ШУМИ... Поздрав од Германија 14

Кнауф партнер: IMMER BUSY - **НАБИЗИ** 16

**Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.**
**Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.**
**Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Александар Блажевски и Блажен Зотовски.**
**Фотографии: Роберт Смилески, КНАУФ фото-датотека.**
**Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1500 примероци**
**www.knauf.com.mk**





# Време е за поинаков - подобар естрих



Повисоки очекувања од просторот, како визуелни, така и комфорни, се условите кои ги наложува модерниот и информиран лик на денешниот човек, на денешната архитектура и градежништво. Денес повеќе од кога и да е, се очекува од домот да понуди целосен мир и слобода на духот, кој во надворешната "бизнис средина" е под константен стрес и напнатост. Така, сите елементи на денешниот ентериер мораат во спрег да напредуваат и да го унапредуваат квалитетот на животот. Изведбата на подот значително го одредува тој квалитет. Тој е основата за звучна, топлинска и противпожарна изолација. По добро изведениот под со задоволство се оди, бидејќи тој претставува предизвик за комфорно движење и удобна клима за живеење. Новите технологии на Кнауф за подно обложување, ги следат трендовите, поправајќи некои пропусти кои ги увиделе кај нивните претходници. Таков е и самовентилирачкиот естрих.

Анализирајќи ја целта на одредени материјали во градбата, јасно е дека цементната кошулка не си ја одигра улогата за која беше наменета. Таа требаше да ни помогне, од нерамната меѓукатна конструкција да добиеме мазна и рамна површина, која без никаков проблем би ја прекриле завршна облога. Керамика во било кој формат, порцелан, грес, мермер, паркет со било каква должина, епоксидни подови, итн. Ништо од таа идеја. Кошулката мораме да ја мазниме со дополнителни алатки, "хеликоптерки"... па и тоа не е доволно, мораме да поставуваме дополнителни олма-маси од кои бараме да го израмнат слојот, кој веќе беше наменет за рамнење(!?!). Ќе дојде ли време кога ќе треба и олма-масата да ја рамниме?





По добро изведениот под со задоволство се оди, бидејќи тој претставува предизвик за комфорно движење и удобна клима за живеење. Новите технологии на Кнауф за подно обложување, ги следат трендовите, поправајќи некои пропусти кои ги увиделе кај нивните претходници. Таков е и само–вентилирачкиот естрих.

**Кнауф ФЕ50 Ларго**.

Самонивелирачката калциум-сулфатна кошулка е одговорот на барањата на денешните градби. Материјал кој се развива во последниве 50-тина години и кој целосно ги заменува сите материјали и процеси на патот кон совршено рамна површина. Самонивелирачкиот естрих е материјал, кој благодарение на револуционерниот состав и начин на нанесување, е доволно течен да секогаш создава совршено хоризонтална и мазна површина. Предност која се искористува во повеќе случаи, како во станбените, така и во деловните простори.

Уште една зачудувачка карактеристика е брзото сушење на овој материјал. Во составот на овој материјал се сретнуваат повеќе адитиви, пластификатори, кои дозволуваат и покрај малата количина на додадена вода во смесата, истата да биде сосема течна. Тоа пак, овозможува брзо испарување на вишокот вода и целосна газливост на кошулката после само 24 часа. После 72 часа, веќе може истата да се оптоварува со материјали за другите ставки во изградбата или санацијата на објектот во кој се поставува. Материјалот создаден на база на алфа-гипс, има цврстина која е повеќе од доволна за притисокот на секојдневното користење. Хемиската формула на овој материјал ни покажува дека и по постигнувањето на конечната цврстина, во самиот состав останува одредена количина на вода, што оневозможува и најмали промени во површината и волуменот на поставениот слој, а со тоа целосно се избегнува појавата на површински пукнатини. На основа на овој факт е и препораката на Кнауф, површини до 300м$^2$ да се поставуваат без фуги, т.е. дилатации.

Конзистенцијата на овој материјал при неговата припрема и нанесување, овозможува одличен контакт на кошулката со сите околни елементи. Каде најубаво ќе се искористи ова својство? Па кај подното греење, се разбира. Сосема спротивно од цементната кошулка, гипсената кошулка создава одличен контакт со инсталацијата на подното греење. Нема веќе заробен воздух, т.е. воздушни џебови, кои оневозможуваат целосно предавање на енергијата за загревање на просторот. Голема добивка во енергија, која современата градба ја користи како единствено начело за напредок. Ниско-енергетските или дури пасивни објекти се единствената опција, во време кога фосилните горива се сè поскапи, а алтернативните горива се сеуште ретка појава.

Со сите карактеристики, овој материјал ни гарантира долг животен век на нашиот под, исполнет со доверба и сигурност при употребата на најсовремените подопокривачки материјали. Слобода во креативноста и храброст во користењето на модерните технологии. Нешто што не било знак на нашето градежништво, а нешто што ќе стане негово обележје.

**Д.и.а. Блажен Зотовски**

Самонивелирачкиот Кнауф естрих е фабрички подготвен прашкаст материјал кој машински се меша и се излева на подот. Благодарение на специјалната рецептура, самиот се нивелира, формирајќи беспрекорно рамна површина без дополнителна обработка. Притоа работникот кој го изведува естрихот не клечи на колена, туку стои исправено. Дневниот капацитет е 1.000м2. При нанесување на естрихот не е потребно изведување на работни и дилатациони фуги.

Кнауф естрихот може да се нанесува како:

- врзивен естрих, директно врз подлогата
- естрих врз разделителен слој, фолија
- естрих врз изолациски слој
- естрих врз подно греење.

Постапката на подготовка и нанесување на естрихот е прикажана на следните фотографии:



**1.** На околните ѕидови се прицврс-тува дилатациона лента со фолија.



**2.** Се поставува изолациониот материјал по целата површина на подот.



**3.** Спроведените цевки и водови се посипуват со сув насип до висина на изолацијата.



**4.** Се поставува разделната фолија, преколоп ≥10цм.



**5.** Нивелетите се подесуваат на саканата висина



**6.** Се подесуваат параметрите во машината се до добивање на саканата конзистенција на естрихот.



**7.** Се излева естрихот почнувајќи од најодалечените агли кон средината на просторијата.



**8.** Се отстрануваат нивелетите и со вибрационата летва или четка за естрих се врши завршна обработка на површината.

*Der Zementestrich spielte nicht die richtige Rolle in der Geschichte. Er sollte alle Boden perfekt glatt machen, aber im Gegensatz, sobald wir diesen verlegt hatten, mussten wir ihn weiter mit verschiedenen zusätzlichen Produkten nivellieren, und zusätzliche Werkzeuge nutzen. All dies kann mit dem neuen selbstnivellierenden Fließestrich auf Alphagipsbasis, vermieden werden. Er hat auch viele andere Vorteile wie z.B. schnellere Trocknung, wärmere Füße, niedrigere Energiekosten, Vermeidung von Bodenbewegungen usw.*

*The cement screed did not play his role right in the history. It was supposed to make all the floors perfectly flat, but on the contrary – once we put the "flattener" we have to level it up further with special extra materials, using extra tools. All this can be avoided with the new self-leveling screed based on alpha gypsum. With it many other gains can be made: quicker drying of the screed, warmer feet, lower costs for energy, avoiding the floor dilatations etc.*

# Хотел Принсес Краун

## Круна на луксузот во Гевгелија









## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Хотел Принсес Краун (Princess Crown),**
Гевгелија

Инвеститор: **Принсес Груп**
Проектант и изведувач: **Гемма Груп**
Кнауф изведувачи:

- **Акустик Монтажа Проект – Скопје**
- **Акустик Монтажа Дизајн – Скопје**
- **Дуровски – Штип**
- **Нов Дом – Гевгелија**
- **Ас Монтинг - Скопје**
- **Адонаи – Струмица**
- **Арт Фул - Гевгелија**

**Применети системи**

Кнауф системи за сува градба:
**ѕид W112, ѕид W115, ѕидна облога W623, спуштен плафон D112, спуштен плафон со Aquapanel плочи, машински гипсен глет малтер MP 75**

Кнауф системи со гипсени плочи:

| | |
|---|---|
| **Вкупно гипсени плочи** | **140.000 м2** |
| Противпожарни Кнауф плочи: | **90.000 м2** |
| Импрегнирани Кнауф плочи: | **39.000 м2** |
| Aquapanel плочи: | **500 м2** |



# Удобно и економично живеење





## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Станбено деловен објект, Скопје - Ново Лисиче**

Инвеститор: **Тим Инженеринг**
Изведувач на сува градба: **Мак Дизајн**
Кнауф партнер: **Акустик Дизајн**
Применети системи:
Преграден ѕид : **W111 - 2100 m2**
Ѕидна облога: **W623 - 1500 m2**
**AMF Ekomin Planet - 250 m2**
**Машински гипсен глет малтер MP75 – 4.500 m2**



## На средба со успешен млад претприемач

# Добар занает, злато вреди

„За разлика од многу мои другари врсници кои учеа во други училишта јас имав шанса не само да учам теорија туку и сè што учам да можам сам да го испробам за време на праксата што ја имавме редовно, како дел од наставната програма."




Во времето кога во Македонија постои мислење дека имаме премногу интелектуалци а премалку занаетчии, има луѓе кои имале визија или среќа да завршат училиште кои директно ќе ги подготви за реалноста на пазарот на труд. Се бараат кадри во градежништвото. Бојан Младеновски е 22-годишно момче како и сите други негови врсници кои можат да се видат низ центарот на Скопје. Роден и живеејќи во центарот на главниот град Бојан има акцент и смисла за хумор типичен за урбаните„дечки". Но, Бојан не е како другите негови врсници кои или студираат, или безделничат живеејќи на грбот на своите родители. Тој има веќе речиси 5 години работно искуство во градежништвото! Може да се рече дека Бојан денес е зрел и независен млад човек кој знае што сака од животот. Бојан своето средно образование го заврши во државното градежно училиште

*Bojan ist ein 22 Jahre junger Mann der große Pläne für seine Zukunft hat. Er beendete die Mittelschule in Skopje mit einer Spezialisierung für Trockenbay und fand gleich einen Job in einer kleinen Baufirma. Sehr schnell stellte er fest, dass er fähig ist selbständig zu werden und gründete seine eigene Baufirma in welcher er mit Knauf Trockenbausystemen und Putze arbeitete. Vor kurzem kaufte er seine Erste PFT Maschine. Er liebt seinen Job und ist glücklich, dass er die richtige Wahl über seine Schule getroffen hat.*

*Bojan is a 22 years old youngster who already has big plans for his future. He finished the high school in Skopje with specialization for dry walls and immediately found a job in a small construction company. Very soon he realized he is capable to continue independently and founded his own construction company working with Knauf dry wall systems and plasters. Recently he has bought his first PFT machine. He likes his job and he is happy he made the right decision to choose the right school for himself.*

во Скопје. „На 14 години не е лесно да се одбере што е најдобро за себе. Искрено немав ниту доволно поени при уписите за едно од попопуларните средни училишта, но искрено немав ниту преголема желба да се запишам во некоја гимназија и после завршувањето во гимназијата да не знам да работам речиси ништо." Го одбрал градежното средно училиште и насоката за монтер за сува градба, после многуте препораки, а по малку и од комформистички причини, но набрзо навлегувајќи во тематиката и инспириран од некои професори сфатил дека направил добар потег во животот. „За разлика од многу мои другари врсници кои учеа во други училишта јас имав шанса не само да учам теорија туку и сè што учам да можам сам да го испробам за време на праксата што ја имавме редовно, како дел од наставната програма. Посебно бев задоволен од професорката Жанета која слушајќи ја за време на праксата успеа да ми ја всади љубовта кон мојата идна професија – сфатив тогаш дека таа професија е многу инвентивна – речиси уметност, поради многуте можности што ги пружа градењето со гипсени плочи".
„После завршувањето на средното училиште работев две годнини во приватни градежни фирми, но решив да се осамостојам и да пробам да работам сам. Тоа и го направив и еве веќе година и пол си имам своја фирма, „Боки Гипс Дизајн". Во претходните фирми научив и ѕидарство и сега со помош на електричар и молер можеме како фирма да превземеме многу работи при изградба и реновирање на куќи, станбени згради и канцеларии." Тој ги запомнил грешките што ги воочил во претходните фирми каде работел и сега истите не ги повторува во својата фирма: педантно води евиденција на работата и работните часови на соработниците и вработените и планира за идните трошоци на фирмата. Од неодамна инвестирал пари и во купување на нова PFT машина (за машинско малтерисување), а има и сопствено производство за гипсени лајсни.
Бојан Младеновски и „Боки Гипс Дизајн" се навистина добар пример за тоа како може со добро одбрано училиште и занает, со малку искуство и со релативно мала инвестиција лесно да се дојде до самовработување и подоцна до водење на добар и успешен бизнис. „Периодов имам малку страв дека економската криза може да ми го сопре развојот на фирмата, но сепак сум оптимист."
Кнауф Македонија искрено му посакува многу успех и среќа во иднина.



# Монтер за сува градба, професија со убава иднина

## Осмоодделенци, оваа година во Скопје и Струмица

Добри шанси за иднината на изведувачите на сува градба

Секогаш ќе се гради!

Градежништвото е движечка гранка во секоја економија. Се градат и ќе се градат станови, хотели, деловни објекти, болници, училишта...

Сувата градба се повеќе се применува и во новите објекти и во реновирања на старите.

Градежништвото има потреба од квалификувани и обучени монтери кои ќе можат квалитетно да ги изведат поставените задачи.

**Ова е Вашата добра шанса. Искористете ја!**






# Предности на професијата Монтер за сува градба:

- Чиста работна околина
- Здрав градежен материјал
- Брзо вработување
- Креативност и комфор
- Деловна независност
- Добра заработувачка
- Активност преку целата година
- Висок углед

КНАУФ РЕПОРТАЖА

## Поздрав од Германија / Grüße aus Deutschland



# Гипс, вино и шуми за Вас прекрасни луѓе

Во Баварија никогаш немало недостиг на романтични мали гратчиња и села до кои водат живописни кривулести патишта низ совршено изманикирани брда, ливади, лозја и шуми. По овие патишта возењето е вистинско задоволство и затоа откако скршнавме од автопатот кај Нирнберг па се до Ипхофен, целта на нашето патување, времето мина брзо и со прекрасни глетки наоколу.
Ипхофен е мало гратче по величина.
Се наоѓа во областа Франконија во северниот дел на денешна Баварија чиј главен град е Вирцбург, стар град со културно значење, заштитен и од Унеско.
Оваа германска винска област е позната по своето бело суво вино. И Ипхофен е едно од тие вински гратчиња полно со винотеки и винарски подруми. Тој се гордее пред се по трите работи за кои има изрека која веројатно ја знае секој постар жител на Ипхофен: „Гипсот, виното и шумите се гордоста на Ипхофен“ (Gips, Wein und Holz sind Iphofens Stolz).
За да се влезе и открие центарот на овој град најубаво е да се влезе преку Портата Ределзеер, една од трите стари градски порти и воедно најфотографираниот симбол на градот. Од неа почнуваат да се распрскуваат во неколку насоки калдрмисаните улички накитени со шарени стари куќи изградени во типичен Фахверк стил со дрвени рамки на фасадите. Овој стил кој е често застапен во регионите на централна Европа, а во Ипхофен е претставен преку неколку навистина импресивни примероци од таквата архитектура.

**Кнауф**

Компанијата која во 1932 година започна со својот бизнис во индустријата со гипс во Саарланд, после Втората Светска Војна го продолжи својот бизнис отворајќи фабрика во Ипхофен, поради тамошните богати наоѓалишта на гипс. Браќата Др. Алфонс и Карл Кнауф ги удрија темелите на денешната групација Кнауф која прерасна во светски познат производител на градежни материјали и една од





водечките компании од тој вид во Европа. Во светот во групацијата Кнауф денес се вработени над 23.000 вработени во повеќе од 150 фабрики.

**Кнауф Музеј**

Почнувајќи од 1973 година, поранешната куќа на принц бискупот на самиот плоштад на Ипхофен била реновирана со донации на семејството Кнауф. Во 1983 година објектот бил претворен во музеј посветен на уметноста на обработката на гипсот од далечната историја до денес.  Ова барокно здание денес не е само дом на стотици светски експонати направени од гипс туку таму повремено се одржуваат тематски изложби со најразлични теми. Во моментот кога ние го посетивме музејот се одржуваше изложбата: „Тибет: религија, уметност, митови"

**Дестинација Франконија**

Овој микро регион од Германија на светот му дал навистина големи имиња на науката, културата  и спортот. Франконија денес е дестинација за дегустирање добро вино, посета на културно –историски места од светско значење и уживање на мирното и идилично опкружување на средновековните автентични градови и села.

*Роберт Смилески*



## ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ И ПОЗНАТИ ЛИЧНОСТИ ОД ФРАНКОНИЈА

**Јулиус Шпитал е втора најголема винарија во Германија.**

**Вилхелм Рентген од универзитетот во Вирцбург**

**Во Фирт, Франконија е роден познатиот Американски државник Хенри Кисинџер.**

**Дирк Новицки НБА кошаркар.**

**Јехуда Амихај, еден од најголемите еврејски поети и добитник на златниот венец на поезијата на градот Струга е роден таму.**

*Ein Reisebericht über Franken und Iphofen, wo sich der Knaufsitz befindet. Eine Geschichte über den Gips, den Wein und den Wald – Sachen auf welchen die Iphofen Einwohner sehr stolz sind. Eine kurze Geschichte über Knauf und den Knauf Museum in Iphofen.*

*A travelogue about Francony and Iphofen, where the seat of Knauf is situated. Story about gypsum, wine and forest – the things that make the people from Iphofen especially proud of. Short history of Knauf and the Knauf Museum in Iphofen.*




# Immer Busy
# Набизи

*Die Firma Nabizi aus Struga ist ein Knaufpartner dessen Geschäft auf dem Süd-West Mazedoniens fokussiert ist. Ein Überblick der Firmengeschichte, seit dem Herr Nabizi seine Tätigkeit als Mathematikprofessor verlassen hat, durch die Gründung des Geschäftes Handel mit Bauprodukten bis zu ihren zukünftigen Plänen. Ihre Tätigkeiten finden in dem Teil von Mazedonien statt, welcher meist aussichtsreich, mit aktuellen und kommenden Baustellen ist. Daher auch die Herausforderung die Knaufprodukte auch weiter zu fördern.*

*The company Nabizi from Struga is a Knauf partner with their business focused on the southwestern area of Macedonia. An overview of the company's history, from the moment of Mr. Nabizi's leaving the job of a math professor, to founding the business with sales of construction materials, to their future plans. Their operations take place in the part of Macedonia which is the most promising with ongoing and coming construction sites, hence the challenge to promote Knauf products even further.*

На излезот од Струга кон границата со Република Албанија, на влезот на селото Радолиште се наоѓа еден од најголемите магацини за продажба на градежни материјали во тој крај од Македонија. Фирмата сопственик на стовариштето се вика Набизи, според браќата Камбер и Насуф Набизи кои го основале и го водат бизнисот.
Ако сте од овој крај на Македонија и ви затребал градежен материјал, поготово таков за сува градба, мошне веројатно е дека материјалот сте го купиле од таму.
Кога отидовме да се сретнеме со некој од браќата Набизи и да поразговараме за овој број на Кнауф Стори, беше невозможно да се зборува во тивка околина. Во ек е градежната сезона, посебно во Охридско-Струшкиот крај и сега тука е врвулица секој ден: купувачи, добавувачи, инвеститори и вработени во Набизи. Убаво е што е така, иако беше тешко да се биде протоколарен во тие услови. Затоа додека се најдеа скапоцените неколку минути за разговор, се видовме и поразговаравме со вработените но и со потенцијалните и редовните купувачи на Набизи. Тоа беше чинам само по себе искуство вредно колку и разговорот со сопствениците подоцна.





Господинот Камбер Насуфи по професија е професор по математика. Работел како професор се додека заедно со својот брат не решиле дека со ваков бизнис можат повеќе да направат и создадат за себе и семејството. Фирмата е основана во 1996г. кога почнале со продажба на цементни блокови. Многу брзо поради побарувачката и можностите на локалниот пазар почнале се повеќе да продаваат материјали за сува градба и секако соработката со Кнауф како фирма добавувач раснела. Во даден момент Набизи станал најголем продавач на Кнауф материјали во југозападна Македонија.
„Не беше тешко да се воведе брендот на Кнауф во оваа средина. Од овој крај многу мајстори се со искуство во Австрија, Швајцарија каде веќе имаа работено со Кнауф плочи и малтери, но и други материјали."
Денес Набизи располага со 15 добри екипи за работа со малтери во Струшко-Охридскиот крај. Исто така се издвојуваат по секогаш големиот избор на материјали кои се секогаш во доволна количина во магацинот. „Освен снабденоста, конкурентни сме и со цените а познати сме и по добрата логистика. И за помали нарачки најчесто испорачуваме до самиот објект за градба". Секако дека тие самите не оставаат нивниот развој на бизнисот да зависи од трендовите. Се трудат самите да го создадат трендот – редовно одржуваат локални презентации и семинари.
Г-динот Камбер Набизи мисли дека моментално тој дел на Македонија околу Охрид и Струга е најпросперитетен за градежништвото: „ Се градат и куќи и згради а најголем хит од сите наши производи е Кнауф програмата. Посебно е баран машинскиот малтер MP75 со кој се добива поквалитетен и поевтин м2 малтерисана површина".
Планови за иднина: „За и понатаму да продолжиме се подобро да го нудиме Кнауф системот на овој пазар, имаме план да отвориме нов голем мега магацин каде купувачите можат да ги купат сите производи од сите програми на Кнауф. "
Се надеваме тоа ќе се случи набрзо што ќе биде причина за уште една посета на фирмата Набизи. Им посакуваме многу успех и просперитет на нивната фирма во иднина. Секако, овие вредни и работливи луѓе го заслужуваат тоа.

**Роберт Смилески**






# МАКЕДОНСКИОТ KNAUFMAN НА САЕМ ВО ГЕРМАНИЈА

Се одржа успешно и 15-тото по ред Биенале на Македонската Архитектура БИМАС 2010. Од 24 Март до 6 Април посетителите на Биеналето можеа да видат 170 трудови на македонските архитекти. Освен тоа, се повеќе Биеналето постанува и место каде се врши размена на идеи и презентација на многу новитети од областа на градежништвото.

Во рамките на овогодишното Биенале веќе традиционално Кнауф ги презентираше своите новитети, а оваа година тоа беа самонивелирачките естризи – производ на база на алфа гипс кој треба да направи мала револуција во градбата на идеално рамните подови со извонредни карактеристики.



*Dieses Jahr fand das 15. Bienalle der mazedonischen Architektur statt. Traditionell ist dieses Ereigniss ein Treffpunkt der Architekten und der Architekturfreunde, ein Platz zum Austausch neuer Ideen in der Bauindustrie. Knauf präsentierte sich wieder dieses Jahr mit seinem revolutionären Fließestrich, hergestellt von Alphagips, neu auf unseren Markt.*

*This year the 15th Biennale of Macedonian Architecture was held. Traditionally this event became a meeting place for architects and architecture lovers, a place for exchange of new ideas in the building industry. Knauf again this year presented itself with its revolutionary floor screed made of alpha gypsum, new on our market.*

# ПАСИВНА КУЌА ВО СТРУМИЦА




Во минатите броеви на Кнауф Стори пишувавме за зачетоците на градењето на ниско-енергетски и пасивни објекти во Македонија. Беше разгледан и планот за еден таков објект во близината на Струмица. Најавената градба на една од првите пасивни куќи во Македонија – административната зграда на фирмата Експро од Струмица, инаку Кнауф партнер, веќе почна да се гради. На 22 Април 2010 година, на денот на планетата Земја беше претставен проектот пред поканети гости од Македонија и беше симболично обележано поставувањето на темелите, поточно бунарот за инсталацијата. Револуционерна е и можноста што сите заинтересирани: стручни лица, медиуми, купувачи, потенцијални инвеститори и заинтересирани за современите текови на градба од Македонија и пошироко, можат да го следат градењето во сите негови чекори од темел до самата завршница. Сите чекори ќе бидат прикажувани на нивниот интернет сајт во т.н. real time (во вистинско време) а и целата градба ќе биде снимена и зачувана за понатамошен увид и анализа.

И Вие можете да сте сведоци на градењето на пасивната куќа во Струмица на следниов интернет сајт: **www.ekspro.mk**
Планирано е градбата да заврши во целост наесен, кога ќе биде пуштена во работа, но и за разгледување на сите оние што се заинтересирани да видат како ќе изгледа да се престојува во првата пасивна куќа во Македонија, која ќе може да се лади и затоплува во текот на целата година со само 15 kWh (1,5 литри нафта) за м2!

*Ein der ersten Passivhäuser in Mazedonien, über welches wir in den vorigen Newsletter geschrieben haben, wird endlich in Strumica gebaut. Alle Bauschritte werden aufgenommen und können durch eine Webkamera auf der Firmenwebseite in Realzeit beobachtet werden. (www.ekspro.mk)*

*One of the first passive houses in Macedonia, about which we have written in our newsletter before is finally being built in Strumica. All the steps of the building process are being recorded and can be observed in a real time through a web camera on the company's web site. (www.ekspro.mk)*

# САЕМ НА ГРАДЕЖНИШТВО 2010

На овогодишниот саем за градежништво во Скопје кој се одржа од 2-6 Март, Кнауф се претстави пред градежната фела со неколку новитети и со постоечките добро познати и прифатени системи на гипскартонски плочи и гипсени малтери, како и се попопуларните професионални средства за чистење, лепила, фуги и други продукти од градежната хемија. Сепак херои на нашиот штанд оваа година беа новите Кнауф производи на македонскиот пазар кои го освоија вниманието на посетителите: најпрво, Кнауф самонивелирачкиот гипсен естрих , како и новите Кнауф фасадни системи. Примероците од естрихот и фасадниот систем посетителите можеа да ги допрат, да ги видат и полесно да го почувствуваат квалитетот на овие Кнауф системи кои навлегуваат на нашиот пазар, како и на пазарите во соседството.
Повеќе информации за нашите новитети можете да најдете на нашиот веб сајт: http://www.knauf.com.mk/novosti_proizvodi_estrih.htm







*Dieses Jahr waren der Fließestrich und die Fassadensysteme die Helden unseres Standes auf der "Build and Construct" Baumesse in Skopje, Makedonien. Die Besucher konnten anfassen, fühlen und überzeugt über die Qualität dieser neuen Produkte und ihrer Vorteile sein.*

*The heros on our stand on this year's fair "Build and Construct" in Skopje, Macedonia, were the gypsum liquid screeds and the façade systems. The visitors could touch, feel and be assured of these new products' quality and their comparative advantages.*



КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ
бул.Александар Македонски 66 1000 Скопје
тел: 02 3235 750 факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk

Фирмата Gebr. Knauf Westdeutsche Gipswerke, Iphofen, основана во 1932 година, денес е една од водечките светски производители на градежни материјали со преку 150 фабрики во повеќе од 50 држави во Европа, Азија, Северна и Јужна Америка.

Производите на Кнауф-Радика се изработени во согласност со светските норми. Квалитетот на производите се следи со постојана внатрешна контрола (контролна лабораторија) и од страна на надворешни акредитирани институции (Магистрат на градот Виена, Институт за градежна биологија-Розенхајм, Технолошко-металуршки факултет-Скопје).

Во Кнауф-Радика, уште од формирањето, во сите сегменти на работењето се спроведува активно управување со квалитетот. Доказ за тоа е сертификатот за управување со квалитетот според EN ISO 9001:2000.

**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760